Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja Publike për Parkingje Publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-247/3
08.05.2018 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 27 од Статутот на ЈП Градски Паркинг – Скопје, Управниот Одбор на седницата одржана на ден 08.05.2018 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишниот извештај за работењето на ЈП Градски Паркинг-Скопје за 2017 година**

***член 1***

Со оваа Одлука се усвојува Годишниот извештај за работењето на ЈП Градски Паркинг-Скопје за 2017 година, согласно позитивното Мислење кое го даде Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на Претпријатието.

***член 2***

Одлуката да се достави до Совет на Град Скопје заради добивање на согласност.

***член 3***

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје. 08.05.2018 година

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
Претседател,
Марија Георгиевска

Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja Publike për Parkingje Publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-247/3
08.05. 2018 год.-vit
СКОПЈЕ-SHKUP

J.П. ГРАДСКИ ПАРКИНГ
СКОПЈЕ
N.P. Parkingu i Qyetit - Shkup

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2017

***ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ ЗА 2017 ГОДИНА***

## *1.2 ДЕЈНОСТ*

Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски Паркинг – Скопје е правно лице кое врши дејност од јавен интерес од областа на сообраќајот како стопанска дејност од јавен интерес за градот Скопје.

Претежната дејност на Претпријатието е под шифра:

52.21 Други придружни активности во копнениот сообраќај

- активност врзана за копнениот превоз на патници, животни или стоки
- работа на станични објекти како што се железнишки станици,станици за ракување со стоки
- тековно одржување и помали поправки на возниот парк
- работа на патишта, мостови, тунели, паркиралишта или гаражи, паркиралишта за велосипеди
- чување на стамбени приколки во зима
- отстранување на непрописно паркирани возила
- остранување на хаварисани возила од јавните површини

Покрај претежната дејност претпријатието обавува и други дејности и тоа:

96.01 Перење и хемиско чистење на текстилни и крзнени предмети

96.09 Останати лични услужни дејности неспомнати на друго место
82.99 Останати деловни помошни услужни дејности неспомнати на друго место
68.20 Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг)
45.20 Одржување и поправка на моторни возила

ЈП Градски Паркинг – Скопје во правниот промет и во односите со трети лица настапува во свое име и за своја сметка, само во рамките на дејноста која е запишана во регистарот, а како овластено лице за застапување е Директор. За обврските спрема трети лица превземени во свое име и за своја сметка, Претпријатието одговара со целиот имот.

Средствата за вршење на дејност се обезбедуваат од:

- Приходи кои ги остварува Претпријатието,
- Буџет на Град Скопје,
- Кредитни средства и други извори на средства во согласност со Закон
- Донации

Своето работење и развој Претпријатието го темели на Инвестициона програма за која согласност дава Совет на Град Скопје.

**Управен Одбор** е орган на управување на Претпријатието кој го именува Совет на Град Скопје со Решение за именување членови на Управен Одбор. Мандатот на членовите на Управниот одбор не може да биде подолг од 4 (четири) години. Управниот одбор во ЈП Градски Паркинг- Скопје брои 9 (девет) члена од кои се бира Претседател на Управниот одбор.

Претседателот на Управниот одбор ги свикува и раководи со седниците, ги потпишува актите на Управниот одбор , се грижи за извршување на актите на Управниот одбор и врши други работи утврдени со Деловникот за работа на Управниот одбор.

Одговорноста на Управниот одбор се утврдува согласно одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управувањето.

**Директор** е орган на раководење на Претпријатието кој го именува односно, разрешува Градоначалник на Град Скопје врз основа на Јавен оглас.

Мандат на Директор трае 4 (четири) години. Правата и должностите на Директор на Претпријатието поблиску се дефинирани во Статут на Јавното претпријатие.

Директор, за резултатите од своето работење е одговорен пред Градоначалник на Град Скопје.

Одговорноста на Директорот се утврдува согласно одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управувањето.

Директорот може да определи вработен во Претпријатието кој го заменува во негово отсуство или спреченост да ја врши функцијата , со права и обврски за кои ќе го овласти Директорот согласно Законот и Статутот на јавното претпријатие.

**Надзорен Одбор за контрола на материјално- финансиско работење** е орган кој врши контрола на материјалното и финансиско работење на Претпријатието.

Истиот го именува односно, разрешува Совет на Град Скопје со Решение за именување односно, разрешување на членови на Надзорен Одбор. Времетраењето на мандатот на членовите не може да биде подолг од 4 (четири) години. Надзорниот Одбор за материјално-финансиска контрола во ЈП Градски Паркинг- Скопје брои 5 (пет) члена од кои еден се избира за Претседател. Одоговорноста на членовите на Надзорниот одбор се утврдува согласно одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управување.

Надзорниот Одбор задолжително се состанува најмалку 4 (четири) пати во годината. За резултатите од извршените контроли Надзорниот одбор го известува Управниот одбор, Советот на Град Скопје, Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски како надлежно Министерство.

## *ТАБЕЛАРНИ ПРИКАЗИ*

Приложуваме табеларно претставена состојбата на оспособени/ уредени јавни паркиралишта, јавни површини наменети за паркирање и катни гаражи со кои стопанисува Јавното Претпријатие Градски паркинг- Скопје за период од Јануари до Декември 2017 година.

Графичките прикази ги содржат следниве информации:

- точен назив на јавното паркиралиште, површина наменета за паркирање- зона односно, катна гаража;
- степенот на ограничување кај „затворените“ јавни паркиралишта (прв, втор или трет степен на ограничување, во зависност од близината/ оддалеченоста од централното градско подрачје) односно, зоната во која се наоѓа јавната паркинг површина (прва црвена А зона, втора жолта Б зона, трета зелена Ц зона или четврта бела Д зона);
- точната локација на која се простира;
- површината, изразена во m$^2$ и
- вкупниот број на паркинг места со кои располага, број на паркинг места наменети за лица со посебни потреби како и паркинг места/ стојалишта за такси возила.

## *А. „ЗАТВОРЕНИ“ ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА*

| РЕД. БР. | НАЗИВ НА ЈАВНО ПАРКИРАЛИШТЕ | ЛОКАЦИЈА | ПОВРШИНА m$^2$ | БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА+ ЛПП (ВКУПНО) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | **ВТОР СТЕПЕН НА ОГРАНИЧУВАЊЕ** | *ЦЕНА НА УСЛУГА 35 ДЕН./ ЧАС* | | |
| 1 | **КОЧО РАЦИН** | бул. „Кочо Рацин“ тех. бр. 35 | 3867 m$^2$ | *175+2 (177)* |
| 2 | **ГРАДСКА БОЛНИЦА** | ул. „Филип Втори Македонски“тех. бр. 490 | 3.411 m$^2$ | *108+3 (111)* |
| 3 | **ЗОИЛ** | ул. „Стив Наумов“ тех. бр. 18 | 2.317 m$^2$ | *123* |
| | | | | |
| | **ТРЕТ СТЕПЕН НА ОГРАНИЧУВАЊЕ** | *ЦЕНА НА УСЛУГА 25 ДЕН./ ЧАС* | | |
| | | | | |
| 4 | **ТУТУНСКИ КОМБИНАТ** | ул. „Пролет“ бб | 3.283 m$^2$ | *128+4 (132)* |
| 5 | **ТРЕСКА** | ул. „Народен Фронт“ тех. бр. 1 | 4.271 m$^2$ | *95 + 3 (98)* |
| 6 | **АМСМ** | бул. „М.Т.Гологанов“ тех. бр. 332 | 1.591,55 m$^2$ | *107+ 4 (111) + 6 за камиони* |
| 7 | **ДОМ НА ПЕЧАТ** | бул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.1 | 4.170 m$^2$ | *169+4 (173)* |
| 8 | **НАРОДЕН ФРОНТ** | ул. „Народен Фронт“ бб | 2.658 m$^2$ | *96 + 3 (99)* |
| 9 | **ГОБ „ 8ми СЕПТЕМВРИ“** | ул. „Париска“ тех. бр. 901 | 1.283 m$^2$ | *44+2 (46)* |
| 10 | **Комплекс Клиники „МАЈКА ТЕРЕЗА“** | ул. „Мајка Тереза“ бр. 41а | 31.251 m$^2$ | *517 +16 (533)* |
| 11 | **ТРАНСПОРТЕН ЦЕНТАР 2** (за камиони и автобуси) | | | *91* |
| | | | *ВКУПНО:* | ***1694*** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 30 | Градска Болница „8 Септември" | ул. Бледски Договор | **D40** | 3460 m$^2$ | 63+2 (65) |
| 31 | Тениски клуб ***АБЦ*** | бул. Илинден бб | **D62** | 1440 m$^2$ | 32+1+ 5 такси (38) |
| | | | | ***ВКУПНО:*** | ***5271*** |

## *В. КАТНИ ГАРАЖИ*

Табеларно го прикажуваме бројот на паркинг места со кои Претпријатието стопанисува во рамки на катна гаража од тврда градба.

| *РЕД. БР.* | *НАЗИВ НА КАТНА ГАРАЖА* | *ЛОКАЦИЈА* | *ПОВРШИНА m$^2$* | *БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА+ ЛПП (ВКУПНО)* | *МЕСТА ЗА ПОЛНЕЊЕ ЕЛЕКТРОМОБИЛИ* |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | ***ЦЕНА НА УСЛУГА: 30 ДЕН./ ЧАС*** | ***МЕСЕЧНА ПРЕТПЛАТА- 2 000 ДЕН.*** | | ***ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА- 20 000 ДЕН.*** | |
| | | | | | |
| 1 | ***МАКЕДОНСКА ФАЛАНГА*** | ул. „Св. Кирил и Методиј" | 15873 m$^2$ | *428+17 (445)* | ***1*** |
| 2 | ***ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ*** | ул. „Даме Груев" бр. 14 | 29183 m$^2$ | *589+16 (605)* | ***2*** |
| | | | ***ВКУПНО:*** | ***1050*** | ***3*** |

Бројот на паркинг места кои јавното претпријатие ги има ставено во употреба за користење на граѓаните на главниот град согласно Декември 2017 година е ист, останува непроменет, со бројот на паркинг места од 2016 година и 2015 година.

# ПАРКИНГ ПОВРШИНИ КОИ ПРЕТПРИЈАТИЕТО ПЛАНИРА ДА ГИ ОСПОСОБИ ВО 2018 ГОДИНА

Во 2018 година, Јавното Претпријатие за јавни паркиралишта Градски паркинг-Скопје планира да уреди и оспособи дополнителни паркинг места.

Во Програмата за 2018та година претпријатието предвидува бројот на паркинг места кај зонски организираните јавни површини наменети за паркирање да се зголеми за околу 1500 од кои за 304 паркинг места веќе има изработени сообраќајни проекти. За дел од

## *МОНТАЖНИ КАТНИ ГАРАЖИ*

Претпријатието стопанисува со две катни гаражи од тврда градба чиј капацитет изнесува 1.050 паркинг места . Со оглед на фактот дека јавното паркиралиште при Клинички центар Мајка Тереза е исклучително оптеретено се планира изградба на монтажна катна гаража со која ќе се зголеми капацитетот на паркингот за дополнителни 250 паркинг места.

## *ЗАКЛУЧОК*

Бројот на паркинг места со кои стопанисува кои јавното претпријатие и ги има ставено во употреба за користење на граѓаните на главниот град во 2017 година нема измени во однос на претходната, 2016 година.

Во тек на 2018 година Претпријатието планира да се уредат дополнително околу 1500 места за паркирање.

# 3. ВРАБОТЕНИ

## *3.1 БРОЈ, СТАРОСНА И КВАЛИФИКАЦИСКА СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ*

Вкупниот број вработени во ЈП Градски Паркинг- Скопје на ден 31.12.2017 година, согласно кадровската евиденција, изнесува 233.

| | |
|---|---|
| Состојба на 01.01.2017 година | 237 |
| Вработени во 2017 год. | + 1 |
| Заминати | - 5 |
| Состојба на 31.12.2017 година | 233 |

Состојбата на вработени преку Агенција за времени вработувања на ден 31.12.2017 година изнесува 10 лица.

Во текот на 2017 година во претпријатието практично нема нови вработувања бидејќи само 1 лице на кој работниот однос му беше во мирување е вратен на работа . На 5 лица им е прекинат работниот однос во претпријатието по следните основи: пензија ( 2 лица), отказ ( 2 лице ) и неплатено отсуство ( 1 лице ) . Како резултат на горе изнесеното

## *ВКУПЕН БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ПО СЕКТОРИ ВО 2017 ГОДИНА*

| РЕД. БР. | ОПИС | БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ 2017 | ПРИВРЕМЕНО ВРАБОТЕНИ 2017 | ВКУПНО ВРАБОТЕНИ ПО СЕКТОРИ/ОДДЕЛЕНИЈА |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Кабинет на Директор | 6 | 0 | 6 |
| 2 | Одделение за внатрешна контрола | 4 | 0 | 4 |
| 3 | Одделение за внатрешна ревизија | 1 | 0 | 1 |
| 4 | Одделение за човечки ресурси | 1 | 0 | 1 |
| 5 | Сектор паркинзи | 131 | 7 | 138 |
| 6 | Одделение за грижа за корисници | 18 | 1 | 19 |
| 7 | Пајак Сектор | 45 | 1 | 46 |
| 8 | Сектор за правни и општи работи | 8 | 0 | 8 |
| 9 | Секторза финансии,сметк-во и јавни набвави | 10 | 0 | 10 |
| 10 | Одделение за јавни набавки | 1 | 0 | 1 |
| 11 | Сектор за комерција и маркетинг | 8 | 1 | 9 |
| | Вкупно вработени: | **233** | **10** | **243** |

## *ПРЕГЛЕД НА ВРАБОТЕНИ СПОРЕД СТАРОСНА СТРУКТУРА ЗА 2017 ГОДИНА*

| РЕД. БР. | ОПИС | БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ 2017 |
|---|---|---|
| 1 | од 20 до 24 години | 1 |
| 2 | 25-29 | 15 |
| 3 | 30-34 | 33 |
| 4 | 35-39 | 36 |
| 5 | 40-44 | 40 |
| 6 | 45-49 | 37 |
| 7 | 50-54 | 35 |
| 8 | 55-59 | 15 |
| 9 | 60-64 | 20 |
| 10 | Над 64 | 1 |
| | Вкупно: | **233** |

## *ПРЕГЛЕД НА ВРАБОТЕНИ СПОРЕД КВАЛИФИКАЦИСКА СТРУКТУРА ВО 2017 ГОДИНА*

| РЕД. БР. | ОПИС | БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ 2016 |
|---|---|---|
| 1 | основно образование | 4 |
| 2 | ССС | 183 |
| 3 | ВШС | 3 |
| 4 | ВСС | 35 |
| 5 | Магистер | 8 |
| | Вкупно: | **233** |

# ПРИХОДИ

Во 2017 година ЈП Градски паркинг- Скопје остварува приходи во вкупен износ од 179.635.660,00 денари и тоа:

- Паркирање 135.428.565,00 ден.
- Сектор Пајак 22.590.036,00 ден.
- Велосипеди 9.035,00 ден.
- Електровелосипеди 0,00 ден.
- Електромобили 52.374,00 ден.
- Останати приходи 20.998.346,00 ден.
- Финансиски приходи 557.304,00 ден.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА*

Приходите од Сектор Јавни Паркиралишта изнесуваат 135.428.565,00 денари и произлегуваат од:

- Приходи од затворени паркиралишта 51.253.402,00 ден.
- Приходи од зонско паркирање 69.258.195,00 ден.
- Приходи од катна гаража „Македонска Фаланга“ 4.761.700,00 ден.
- Приходи од катна гаража „Тодор Александров“ 10.155.268,00 ден.

Овие приходи во 2016 година изнесувале 131.142.920,00 денари односно:

- Приходи од затворени паркиралишта 51.227.996,00 ден.
- Приходи од зонско паркирање 66.326.470,00 ден.
- Приходи од катна гаража „Македонска Фаланга“ 5.339.219,00 ден
- Приходи од катна гаража „Тодор Александров“ 8.249.235,00 ден

Во споредба со истиот период од минатата година приходот кај Сектор Јавни паркиралишта покажува зголемување од околу 3,27 % или во апсолутен износ бележиме пораст за 4.285.645,00 денари.

Во рамките на поеделните категории приходи кај Сектор Јавни паркиралишта се забележува следната состојба:

Кај затворените паркиралишта бележиме незначителен пораст на прометот за 25.406.,00 денари .

## *ПРИХОДИ ОД ДНЕВЕН ПРОМЕТ И ПРЕТПЛАТИ ПО ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА ЗА 2017 ГОДИНА, СПОРЕДБЕНО СО 2016 ГОДИНА– ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ*

| Р.бр | Паркинг | 2017 | 2016 | + / - | индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Зоил | 2.532.516.00 | 3.450.252,00 | -917.736.00 | 0.73 |
| 2 | Треска | 3.728.073.00 | 3.191.944,00 | 536.129.00 | 1.17 |
| 3 | Кочо Рацин | 987.055.00 | 1.138.034,00 | -150.979.00 | 0.87 |
| 4 | Градска Болница | 4.270.795.00 | 4.762.452,00 | -491.657.00 | 0.90 |
| 5 | Нова Македонија | 2.901.704.00 | 3.052.286,00 | -150.582.00 | 0.95 |
| 6 | АМСМ | 1.282.671.00 | 1.343.546,00 | -60.875.00 | 0.95 |
| 7 | Тутунски комбинат | 915.980.00 | 724.767,00 | 191.213.00 | 1.26 |
| 8 | Народен фронт | 668.749.00 | 708.824,00 | -40.075.00 | 0.94 |
| 9 | Транспортен Центар 1 | 0.00 | 122.843,00 | -122.843.00 | 0.00 |
| 10 | 8-ми Септември | 1.779.167.00 | 1.865.723,00 | -86.556.00 | 0.95 |
| 11 | Клинички центар | 26.998.340.00 | 29.133.723,00 | -2.135.383.00 | 0.93 |
| 12 | Општо паркинзи | 5.188.352.00 | 1.733.602,00 | 3.454.750.00 | 2.99 |
| | Вкупно | 51.253.402.00 | 51.227.996,00 | 25.406.00 | 1.00 |

Во рамките на пооделни паркиралишта бележиме варирање на износот на приходите. Генерално се забележува дека поголеми приходи остваруваат јавните паркиралишта Треска и Тутунски комбинат, додека кај другите јавни паркиралишта бележиме пад на прометот.

Сметаме дека врз варирање на приходите влијание имаат повеќе фактори :

- Конкурентски претпријатија кои се занимаваат со стопанисување со паркинг просторот во градот.
- Бесплатното паркирање кај категоријата корисник „ станар"/
- Намалување на цената на претплатата кај ЛПП (лица со посебни потреби)
- И други објективни околности (градежни активности околу и на паркиралиштата, застареност на паркинг системите , укинување на трета смена на дел од паркинзите итн.)

## *ИЗДАДЕНИ ДОЗВОЛИ СПОРЕД КАТЕГОРИЈА КОРИСНИК НА „ЗАТВОРЕНИТЕ" ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА состојба со 31.12.2017– ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ*

| *ЈАВНО ПАРКИРАЛИШТЕ* | *ЖИТЕЛ 1 ВОЗИЛО* | *ЖИТЕЛ 2 ВОЗИЛО* | *ВРАБОТЕН КАЈ ПРАВЕН СУБЈЕКТ* | *ПРАВЕН СУБЈЕКТ* | *ФИЗИЧКИ ЛИЦА* | *ЖИТЕЛ СО СЛУЖБ. ВОЗИЛО* | *ВКУПНО* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| **Градска Болница** | 96 | 23 | 64 | 14 | 0 | 1 | 198 |
| **Кочо Рацин** | 235 | 53 | 8 | 3 | 1 | 3 | 303 |
| **Народен фронт** | 162 | 17 | 0 | 1 | 2 | 4 | 186 |
| **Дом на печат** | 0 | 0 | 107 | 30 | 1 | 0 | 138 |
| **Треска** | 159 | 16 | 12 | 0 | 1 | 3 | 191 |

## *ИЗДАДЕНИ БЕСПЛАТНИ ДОЗВОЛИ НА КАТЕГОРИЈА „СТАНАР“ ПО МЕСЕЦИ*

| МЕСЕЦ | ЗОНСКО ЦЕНТАР ПРВО ВОЗИЛО | ЗОНСКО АЕРОДРОМ | ЗАТВОРЕНИ ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| ЈАНУАРИ | 1,497 | 6,052 | 671 | 8.220 |
| ФЕВРУАРИ | 1,509 | 6,086 | 674 | 8.269 |
| МАРТ | 1,520 | 6,137 | 676 | 8.333 |
| АПРИЛ | 1,527 | 6,144 | 677 | 8.348 |
| МАЈ | 1,532 | 6,173 | 673 | 8.378 |
| ЈУНИ | 1,535 | 6,166 | 683 | 8.384 |
| ЈУЛИ | 1,537 | 6,208 | 686 | 8.431 |
| АВГУСТ | 1,539 | 6,217 | 686 | 8.442 |
| СЕПТЕМВРИ | 1,551 | 6,246 | 684 | 8.481 |
| ОКТОМВРИ | 1,553 | 6,273 | 686 | 8.512 |
| НОЕМВРИ | 1,561 | 6,302 | 688 | 8.551 |
| ДЕКЕМВРИ | 1,561 | 6,307 | 699 | 8.567 |
| ВКУПНО: | 18.422 | 74.311 | 8.183 | 100.916 |

## *ВРЕДНОСТ НА БЕСПЛАТНО ИЗДАДЕНИ ДОЗВОЛИ ЗА КАТЕГОРИЈА „СТАНАР“ ЗА 2017 ГОДИНА– ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ*

Вредноста на бесплатното паркирање за категоријата корисник „станар“ за претпријатието, на годишно ниво, значи промет во висина од 14.666.150,00 денари односно изгубен приход од околу 11.457.930,00 и воедно трошок за *ДДВ* во износ од 2.062.426,00 денари.

| месец | зонско центар | зонско аеродром | затворени паркинзи | вкупно | основица за ДДВ | Трошок за ДДВ 4471 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ЈАНУАРИ | 224,550 | 862,700 | 100,650 | 1,187,900 | 928,047 | 167,048 |
| ФЕВРУАРИ | 226.350 | 868,900 | 101,100 | 1,196,350 | 934,648 | 168.237 |
| МАРТ | 228,000 | 878,500 | 101,400 | 1,207,900 | 943,672 | 169.861 |
| АПРИЛ | 229,050 | 879,500 | 101,550 | 1,210,100 | 945.391 | 170.170 |
| МАЈ | 229,800 | 884,600 | 100,950 | 1,215,350 | 949,492 | 170,908 |
| ЈУНИ | 230,250 | 884,700 | 102,450 | 1,217,400 | 951.094 | 171.197 |
| ЈУЛИ | 230,550 | 892,800 | 102,900 | 1,226,250 | 958.008 | 172,441 |
| АВГУСТ | 230,850 | 894,500 | 102,900 | 1,228,250 | 959.570 | 172,723 |
| СЕПТЕМВРИ | 232,650 | 900,300 | 102,600 | 1,235,550 | 965.273 | 173,749 |
| ОКТОМВРИ | 232,950 | 905,600 | 102,900 | 1,241,450 | 969.883 | 174,579 |
| НОЕМВРИ | 234,150 | 910,400 | 103,200 | 1,247,750 | 974,805 | 175,465 |
| ДЕКЕМВРИ | 234,150 | 912,900 | 104,850 | 1,251,900 | 978,047 | 176,048 |
| Вкупно | 2,763,300 | 10,675,400 | 1,227,450 | 14,666,150 | 11,457,930 | 2,062,426 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **МАЈ** | 662 | 51 | 19 | 59 | 22 | 4 | 1 | 1 | 8 | 827 |
| **ЈУНИ** | 664 | 50 | 19 | 64 | 21 | 4 | 1 | 2 | 24 | 849 |
| **ЈУЛИ** | 666 | 50 | 19 | 64 | 21 | 4 | 1 | 2 | 10 | 837 |
| **АВГУСТ** | 667 | 52 | 19 | 66 | 33 | 4 | 1 | 2 | 15 | 859 |
| **СЕПТЕМВРИ** | 675 | 47 | 15 | 88 | 31 | 8 | 0 | 4 | 8 | 876 |
| **ОКТОМВРИ** | 674 | 49 | 18 | 90 | 32 | 6 | 0 | 4 | 6 | 879 |
| **НОЕМВРИ** | 680 | 51 | 21 | 94 | 33 | 5 | 0 | 4 | 6 | 894 |
| **ДЕКЕМВРИ** | 677 | 50 | 22 | 92 | 32 | 5 | 0 | 4 | 6 | 888 |
| **ВКУПНО:** | **7962** | **580** | **233** | **871** | **322** | **64** | **6** | **32** | **130** | **10200** |

| *ЗОНА Д* | *„СТАНАР" 1, 2 и 3 ВОЗИЛО* | | *СТАНАР Службено возило* | *Вработен кај правен субјект* | *ПРАВЕН СУБЈЕКТ* | *Резервирани паркинг места* | *Годишни дозволи* | *Месечни дозволи* | *ГОСТИНСКА КАРТА* | *ВКУПНО* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЈАНУАРИ** | 6052 | - | 152 | 40 | 75 | - | 2 | 1 | 39 | 6361 |
| **ФЕВРУАРИ** | 6086 | - | 173 | 37 | 81 | - | 3 | 1 | 56 | 6437 |
| **МАРТ** | 6137 | - | 179 | 39 | 87 | - | 4 | 1 | 111 | 6558 |
| **АПРИЛ** | 6144 | - | 182 | 39 | 77 | - | 0 | 1 | 99 | 6542 |
| **МАЈ** | 6173 | - | 178 | 37 | 87 | - | 0 | 0 | 153 | 6628 |
| **ЈУНИ** | 6166 | - | 183 | 38 | 85 | - | 0 | 1 | 91 | 6564 |
| **ЈУЛИ** | 6208 | - | 178 | 37 | 86 | - | 2 | 0 | 73 | 6584 |
| **АВГУСТ** | 6217 | - | 175 | 33 | 84 | - | 0 | 1 | 85 | 6595 |
| **СЕПТЕМВРИ** | 6246 | - | 186 | 39 | 85 | - | 0 | 1 | 111 | 6668 |
| **ОКТОМВРИ** | 6273 | - | 199 | 37 | 86 | - | 0 | 1 | 89 | 6685 |
| **НОЕМВРИ** | 6302 | - | 207 | 40 | 88 | - | 0 | 1 | 94 | 6732 |
| **ДЕКЕМВРИ** | 6307 | - | 212 | 38 | 86 | - | 4 | 1 | 106 | 6754 |
| **ВКУПНО:** | **74311** | - | **2204** | **454** | **1007** | - | **15** | **10** | **1107** | **79108** |

## *ЗБИРЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗДАДЕНИ ДОЗВОЛИ ПО ЗОНИ ЗА 2017 ГОДИНА*

| *ЗОНА* | *„СТАНАР" Дозволи 0,00 ден.* | *„СТАНАР" 2 ВОЗИЛО* | *СТАНАР Службено возило* | *Вработен кај правен субјект* | *ПРАВЕН СУБЈЕКТ* | *Резервирани паркинг места* | *Годишни дозволи* | *Месечни дозволи* | *ГОСТИНСКА КАРТА* | *ВКУПНО* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЗОНА А** | 6199 | 530 | 265 | 206 | 77 | 18 | 10 | 18 | 135 | 7458 |
| **ЗОНА Б** | 4261 | 246 | 253 | 117 | 17 | 24 | 0 | 0 | 10 | 4928 |
| **ЗОНА Ц** | 7962 | 580 | 233 | 871 | 322 | 64 | 6 | 32 | 130 | 10200 |
| **ЗОНА Д** | 74311 | - | 2204 | 454 | 1007 | 0 | 15 | 10 | 1107 | 79108 |
| **ВКУПНО:** | **92.733** | **1356** | **2955** | **1648** | **1423** | **106** | **31** | **60** | **1382** | **101694** |

## *ИЗДАДЕНИ ДОПЛАТНИ КАРТИ ВО 2017 ГОДИНА, СПОРЕДБЕНО СО 2016 ГОДИНА*

Корисниците на зонско паркирање кои не извршиле плаќање за услугата паркирање, претпријатието им издава доплатна карта. Бројката на издадени доплатни карти по месеци и по зони ги прикажуваме во следната табела:

| ЗОНА Ц | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ц8 | 45 | 95 | -50 | 0,47 |
| Ц9 | 215 | 291 | -76 | 0,74 |
| Ц11 | 342 | 279 | 63 | 1,23 |
| Ц15 | 536 | 363 | 173 | 1,48 |
| Ц17 | 137 | 137 | 0 | 1,00 |
| Ц19 | 232 | 157 | 75 | 1,48 |
| Ц33 | 457 | 364 | 93 | 1,26 |
| Ц35 | 0 | 1 | -1 | 0 |
| Ц45 | 162 | 184 | | 0,88 |
| Ц46 | 62 | 59 | 3 | 1,05 |
| Ц81 | 0 | 1 | -1 | 0 |
| ЗОНА Д | | | | |
| Д3 | 923 | 935 | -12 | 0,99 |
| Д4 | 349 | 380 | -31 | 0,92 |
| Д5 | 22 | 27 | -5 | 0,81 |
| Д6 | 230 | 290 | -60 | 0,79 |
| Д7 | 456 | 598 | -142 | 0,76 |
| Д8 | 571 | 428 | 143 | 1,33 |
| Д40 | 231 | 248 | -17 | 0,93 |
| Д62 | 126 | 0 | 126 | 0,00 |
| ВКУПНО: | **8603** | **8475** | **128** | **1,02** |

## *ПРОМЕТ ОД БИЛЕТИ ЗА ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ Т.Н. „ГРЕБ“ КАРТИЧКИ*

Табелата што следи ги прикажува податоците од продажба на билети за зонско паркирање, таканаречени „греб картички“, согласно зоната на која гласат и времетраењето на паркирање ( 1 час).

| ЗОНА | ЧАСОВИ | 2017 ГОДИНА | 2016 ГОДИНА | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| **А** | 1 | 10.660 | 12.310 | -1.650 | 0,87 |
| **Б** | 1 | 1.580 | 1.650 | -70 | 0,96 |
| **Ц** | 1 | 7.560 | 6.330 | 1.230 | 1,19 |
| **Д** | 1 | 3.533 | 4.950 | -1.417 | 0,71 |
| ВКУПНО: | | **23.333** | **25.240** | **-1.907** | **0,92** |

Според показателите може да се забележи дека во 2017 година се продадени 1.907 билети помалку во споредба со 2016 година.

## *БРОЈ НА ПАРКИНГ СЕСИИ ПО МЕСЕЦИ*

Бројот на паркинг сесии во текот на 2017 година е поголем во споредба со 2016 година: разликата изнесува 48.478 паркинг сесии направени по пат на смс паркирање.

Врз вредноста на прометот остварен по пат на смс наплата, влијание има зоната во која е извршена паркинг сесијата: во централното градско подрачје или зона А- цената

граѓаните за своите возила користат бесплатен паркинг бидејќи рампите на катната гаража се дигнати .

Во рамки на категоријата корисници на услуга паркирање по пат на претплата треба да се напомене дека најмасовна категорија корисници прет ставува „вработен кај правен субјект“ кој гравитира во близина на Катната гаража .

Во продолжение се прегледи за реализирани приходи од катните гаражи по основ дневен промет, претплати и вкупен приход по двата основи.

### *ПРИХОДИ ОД ДНЕВЕН ПРОМЕТ ПО КАТНИ ГАРАЖИ ЗА 2017 ГОДИНА, СПОРЕДБЕНО СО 2016 ГОДИНА– ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ*

| Р.бр | Паркинг | 2017 | 2016 | + / - | индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Катна Гаража-Македонска фаланга | 1.357.238.00 | 1.452.634,00 | -95.396,00 | 0,93 |
| 2 | Катна Гража-Тодор Александров | 3.444.178,00 | 3.025.151,00 | 419.027,00 | 1,14 |
| | Вкупно | 4.801.416,00 | 4.477.785,00 | 323.631,00 | 1,07 |

### *ПРИХОДИ ОД ПРЕТПЛАТИ ПОКАТНИ ГАРАЖИ ЗА 2017 ГОДИНА, СПОРЕДБЕНО СО 2016 ГОДИНА– ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ*

| Р.бр | Паркинг | 2017 | 2016 | + / - | индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Катна Гаража-Македонска фаланга | 3.404.462,00 | 3.886.584,00 | -482.122,00 | 0,88 |
| 2 | Катна Гража-Тодор Александров | 6.711.090,00 | 5.224.084,00 | 1.487.006,00 | 1,28 |
| | Вкупно | 10.115.552,00 | 9.110.668,00 | 1.004.884,00 | 1,11 |

### *ПРИХОДИ ОД ДНЕВЕН ПРОМЕТ И ПРЕТПЛАТИ ПО КАТНИ ГАРАЖИ ЗА 2017 ГОДИНА, СПОРЕДБЕНО СО 2016 ГОДИНА– ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ*

| Р.бр | Паркинг | 2017 | 2016 | + / - | индекс |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Катна Гаража-Македонска фаланга | 4.761.700,00 | 5.339.218,00 | -577.518,00 | 0,89 |
| 2 | Катна Гража-Тодор Александров | 10.155.268,00 | 8.249.235,00 | 1.906.033,00 | 1,23 |
| | Вкупно | 14.916.968,00 | 13.588.453,00 | 1.328.515,00 | 1,10 |

# ПРИХОДИ ОД ВЕЛОСИПЕДИ

Сезоната кога Јавното претпријатие започнува со изнајмување на велосипеди е Април а завршува во месец Октомври. По основ изнајмување велосипеди реализиран е нето приход на износ 9.035,00 денари. Во споредба со минатогодишниот извештај, приходот е помал за 10.935,00 или процентуално за 45,24%.

Во врска со Проектот „Скопје изнајми велосипед" мора да потсетиме дека:

- приходот од изнајмување велосипеди е повеќе симболичен, ако се земе во предвид фактот дека цената на изнајмување велосипед изнесува 10 денари од час;
- кај граѓаните сеуште преовладува ниска свест во однос на грижата при изнајмување на велосипедите што пак, од друга страна, продуцира дополнителни трошоци за одржување на велосипедите .

Во прегледот што следи го прикажуваме остварениот промет од изнајмување велосипеди по месоци како и износот на часови на изнајмување на велосипедите.

## *ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗИРАН ПРОМЕТ ОД ВЕЛОСИПЕДИ ПО МЕСЕЦИ- СЕЗОНА 2017*

| *МЕСЕЦ* | *ЦЕНА ЗА ЧАС* | *ВКУПНО ЧАСОВИ* | *ВКУПНО* |
|---|---|---|---|
| | | | |
| ***АПРИЛ*** | 10,оо ден. | 666 | 6.660,00 |
| ***МАЈ*** | 10,оо ден. | 352 | 3.520.00 |
| ***ЈУНИ*** | 10,оо ден. | 27 | 270,00 |
| ***ЈУЛИ*** | 10,оо ден. | 11 | 110.00 |
| ***АВГУСТ*** | 10,оо ден. | 10 | 100,00 |
| ***СЕПТЕМВРИ*** | 10,оо ден. | 0 | 0,00 |
| ***ОКТОМВРИ*** | 10,оо ден. | 0 | 0,00 |
| ***ВКУПНО:*** | | **1.066** | **10.660,00** |

## *ПРИХОД ОД ИЗНАЈМУВАЊЕ ВЕЛОСИПЕДИ ПО НАПЛАТНИ ПУНКТОВИ ЗА 2017*

| *НАПЛАТЕН ПУНКТ* | *ИЗНОС* |
|---|---|
| ***8ми СЕПТЕМВРИ*** | 120,00 |
| ***ГРАДСКА БОЛНИЦА*** | 6.880,00 |
| ***АЕРОДРОМ*** | 1.120,00 |
| ***КАТНА ГАРАЖА*** | 1.950.00 |
| ***ТРЕСКА*** | 590.00 |
| ***ВКУПНО:*** | **10.660,00** |

| МЕСЕЦ | ЦЕНА ЗА ЧАС | ВКУПНО ЧАСОВИ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| | | | |
| АПРИЛ | 50,оо ден | 232 | 11.600 |
| МАЈ | 50,оо ден | 145 | 7.250 |
| ЈУНИ | 50,оо ден | 111 | 5.550 |
| ЈУЛИ | 50,оо ден | 153 | 7.650 |
| АВГУСТ | 50,оо ден. | 187 | 9.350 |
| СЕПТЕМВРИ | 50,оо ден. | 171 | 8.550 |
| ОКТОМВРИ | 50,оо ден. | 237 | 11.850 |
| ВКУПНО: | | 1236 | 61.800,00 |

Овие проекти немаат комерцијална намена туку се реализираат со цел да се збогати туристичката понуда на градот со разгледување знаменитостите а воедно и со цел да се поттикне свеста кај граѓаните од важноста на еколошките проекти заради заштита на животната средина.

## ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

Износот на останати приходи е 20.998.346,00 ден. Во оваа група приходи ги евидентираме приходите од продажба на рсход, од наплата на отпишани побарувања (побарувања за кои сме иницирале судска постапка во претходните години), приходи од субвенции како и приходи од субвенции и донации во опрема доделени на јавното претпријатие од претходни години а евидентирани во согласност со МСС стандардите, судски трошоци, штети, дополнително утврдени приходи од минати години и други надоместоци .

## ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ

Во оваа група спаѓаат приходите по основ камата и позитивни курсни разлики на износ 557.304,00 денари.

## РАСХОДИ

Расходите заклучно 31.12.2017 година се на износ 165.161.575,00 денари.
Во прилог даваме споредбен преглед на трошоците по групи за период од 01.01 до 31.12.2017 година со истиот период од минатата, 2016 година:

системот за зонско паркирање како резултат на порастот на прометот од зонското паркирање.

## *3. ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИТЕ*

Кај трошокот за плати бележиме пад на трошокот за 110.746,00 денари споредено со ланската година . Бројот на вработени е помал во просек за 4 лица во споредба со минатата година .

По основ надоместоци на вработените во 2017 година исплатени се две отпремнини за вработени кои заминале во пензија на износ 91.447,00 денари. Исплатени се и 33 јубилејни награди на вработени за 10 години непрекинат стаж во јавното преетпријатие во вкупен износ од 109.989,00 денари.

*УЧЕСТВО НА ТРОШОК ЗА БРУТО ПЛАТА ПО СЕКТОРИ, СПОРЕДБЕН ПРИКАЗ 2017 НАСПРОТИ 2016 ГОДИНА*

| РЕД. БР. | ОПИС | БРУТО ПЛАТА 2017 | БРУТО ПЛАТА 2016 | +/- | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| 1 | Администрација | 20.357.282.00 | 19.546.076,00 | 811.206.00 | 1.04 |
| 2 | Сектор Пајак | 19.496.005.00 | 19.606.397,00 | -110.392.00 | 0.99 |
| 3 | Јавни Паркиралишта | 28.237.206.00 | 27.947.318,00 | 289.888.00 | 1.01 |
| 4 | Зонско | 34.406.674.00 | 35.569.044,00 | 1.162.370,00 | 0.97 |
| | **ВКУПНО:** | **102.497.167.00** | **102.668.835,00** | **-171.668.00** | **1.00** |

*УЧЕСТВО НА ТРОШОК ЗА БРУТО ПЛАТИ ВО ПРИХОДИТЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО, СПОРЕДБЕН ПРИКАЗ 2017 НАСПРОТИ 2016 ГОДИНА*

| РЕД. БР. | ГОДИНА/ БРОЈ ВРАБОТЕНИ | БРУТО ПЛАТА | НЕТО ПРИХОДИ БЕЗ КОМУНАЛНА ТАКСА | НЕТО ПРИХОДИ СО ВКЛУЧЕНА КОМУНАЛНА ТАКСА | % НА УЧЕСТВО НА ПЛАТИТЕ ВО НЕТО ПРИХОДИТЕ | % НА УЧЕСТВО НА ПЛАТИТЕ ВО НЕТО ПРИХОДИТЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| 1 | 2017/ 233 | 102.497.167,00 | 179.635.660 | 193.533.110 | 57,06 | 52,96 |
| 2 | 2016/ 237 | 102.668.835,00 | 155.556.050 | 168.924.653 | 66,00 | 60,78 |

Напомена:

Приходот е изразен во нето износ без вклучен ДДВ во варијанта со и без вклучена комунална такса

стандардно се јавуваат секоја година како ревизорски услуги, услуги за превод, за изработка на проект,здравствени прегледи на вработенитеи сл. годинава имаме и трошоци кои произлегоа од ресертификација на добиениот сертификат ИСО 9001:2008 со имплементација на нов сертификат за управување според барањата на ИСО 9001:2015.

Согласно член 384 ств 7 од ЗТД во годишниот извештај на друштвото задолжително се објавуваат и детални податоци за примањата во други друштва ( плата, надоместоци од плата , надоместоци за членство, бонус, осигурување и др.права ) за членовите на управен и надзорен одбор.( сл.весник 88/2015 ).

Податоци за членови на управен одбор:

| *Име и презиме* | *Примања во др. Друштва Бруто* | *Назив на работодавч* | *Дејност* | *Висина на плата Бруто* | *Надоместоци од плат Бруто* | *Бонус и др.надоместоци Бруто* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ЈП Градски Паркинг | | | | | |
| Тодор Димитров | 170.980 | Мин.за земј.шумар.и водост | Мин-во | 283.590 | | |
| Васе Канзуров | 97.778 | Совет за јавни набавки/ Држ.ком.за одлуч.во управ.пост. и пост.од раб.одн.во втор степен | Држ. Орган | 445.139/ 7.355 | | |
| Јовица Ѓоргиевски | 97.778 | Општина Гази Баба | Општина | 521.508 | 10.000 | 33.333 Договор на дело |
| Снежана Арсова | 59.067 | МВР | Мин-во | 29.381 Нето плата | | |
| Ивана Блажевска | 97.778 | Ад.друштво Чичивалиев и Илијовски | Адвокат. Дејност | 534.576 | | |
| Николче Гроздановски | 97.778 | Општина Кисела Вода | Општина | 758.097 | 14.444 | |
| Ели Смокварска | 97.778 | АПВ Контакт бизнис | Агеција за Вработув. | 437.937 | | |
| Екрем Дардхишта | | | | | | |
| Ајрула Мустафа | 97.778 | Фонд на ПИОМ | Држ.фонд | 452.801 | | |
| Александар Арсовски | 38.710 | Агенција за прив.вработув.СПИД | Агенција за вработув. | 267.546 | 23.333 | |

Податоци за членови на надзорен одбор:

## *8. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ*

Во рамките на финансиски расходи на износ 31.384,00 денари спаѓаат трошоци за негативни курсни разлики 11.812,00 ден. како и трошокот за казнена камата на износ 19.572,00 денари заради доцнење при плаќање на сметки за вода, струја, телефон, како и камата по основ судски спорови и други обврски.

# *4.2 БИЛАНС НА СОСТОЈБА*

| **АКТИВА** | 2017 година | 2016 година |
|---|---|---|
| | | |
| 1.ОСНОВНИ СРЕДСТВА | 38.700.450,00 | 29.533.977,00 |
| 2.ЗАЛИХИ | 2.054.016,00 | 2.790.724,00 |
| 3. ОБРТНИ СРЕДСТВА | 34.613.228,00 | 25.343.063,00 |
| 4.АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА | 711.432,00 | 569.708,00 |
| **ВКУПНО АКТИВА:** | **76.079.126,00** | **58.237.472,00** |
| | | |
| **ПАСИВА** | 2017 година | 2016 година |
| 1. ЗАПИШАН КАПИТАЛ | | |
| Државен јавен капитал | 153.052,00 | 153.052,00 |
| 2.Законски резерви | 15.305,00 | 15.305,00 |
| | | |
| 3.АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА од претходни години | 21.827.676,00 | 30.070.416,00 |
| 4.ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ – ДОБИВКА по оданочување | 12.946.925,00 | 0,00 |
| 5,ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ – ЗАГУБА по оданочување | 0,00 | -8.242.739,00 |
| 6. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ | 23.427.794,00 | 15.390.139,00 |
| 7.Одложени плаќање на приходи и расходи | 17.708.374,00 | 20.851.299,00 |
| **ВКУПНО ПАСИВА:** | **76.079.126,00** | **58.237.472,00** |

## *ОСНОВНИ СРЕДСТВА СО СОСТОЈБА 31.12.2017 ГОДИНА*

Од своето функционирање до денес, Претпријатието прави напор во континуирано вложување а заради обнова и одржување на постоечките основни средства. Располага со 10 (десет) паркинг системи со електронски систем на наплата, 10 (десет) специјални возила Пајак, 19 (деветнаесет) скутери, 1 (еден) мотор, едно полулесно пик- ап возило и 10 (десет) лесни возила, 12 (дванаесет) електромобили, 10 (десет) електровелосипеди, 5 (пет) електроскутери, 2 (два) електрополначи, информатичка опрема, уреди за потребите на зонско паркирање итн.

Тужени побарувања, Претпријатието има на износ 3.464.734,00 денари. Истите, во најголем износ, проилегуваат од издадени доплатни карти заради неплатено зонско паркирање . Постапката за дел од предметите се води во судовите а дел од тужените побарувања во текот на 2012та и 2013та година се процесуирани директно на Нотар. Постапата за нивна наплата е во тек.

По основ аконтација од данок од добивка имаме побарувања на износ од 481.426,00 ден .

Побарувања од вработени, во вкупен износ од 143.651,00 денари, се однесуваат на задолженија по основ ситни пари на паркиралишта, надминати телефонски лимити штети од невнимателно ракување со опрема, корекција на пресметки итн.

Побарувања од банки и купувачи со кредитни и дебитни картички на износ 73.000,00 денари се всушност тековните побарувања од деловните банки по основ дневен промет чија наплата се врши редовно секој нареден работен ден.

## *АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА*

На сметките од група 19 евидентирани се трошоци како пресметани на износ 711.432,00 денари а кои ќе се реализираат во наредните периоди. Станува збор за трошоци за осигурување ( 143.498,00 ден.), за платени такси на нотари и извршители ( 493.776,00), претплати за стручни весници и списанија ( 74.158,00 ) итн.

## *ОБВРСКИ*

Претпријатието нема долгорочни обврски.

Вкупниот износ на краткорочните обврски е 23.427.794,00 денари. Од овој износ, 16.247.516,00 денари отпаѓа на обврска за комунална такса кон Град Скопје. Претпријатието оваа обврска ја подмири во целост во текот на 2018 година користејќи ги субвенциите за потешкотии во работење што ги доби од основачот на износ од 15.000.000,00 денари.

Обврските кон добавувачите изнесуваат 3.535.450,00 денари и истите во наредниот пресметковен период редовно се подмируваат кон комитентите.

Обврската за ДДВ се однесува за месец Декември 2017 на износ 2.400.641,00 денари како и обврска за данок од добивка по годишна сметка на износ 1.045.734,00 денари и истите се подмирени во законски определениот рок кон Управата за јавни приходи итн.

Редовно се спроведувани акции на чистење, одржување на јавните површини, одржување на системот за зонско паркирање како и одржување на паркинг системите на „затворените" јавни паркиралишта и други тековни инвестициски вложувања со кои се одржува и унапредува дејноста на Претријатието.

ЈП Градски паркинг - Скопје своето работење го темели согласно имплементацијата на систем за управување со квалитет според барањата на ИСО 9001:2008 имплементирани во текот на 2013 година и обновени во текот на 2014, 2015 и 2016 година. На стартот на 2017 година се реализира постапката за ресертификација на добиениот сертификат ИСО 9001:2008 со имплементација на нов сертификат за управување според барањата на ИСО 9001:2015.

И понатаму остануваат како проблем одредени системски слабости со кои претпријатието се соочува во своето работење како што е проблемот со високиот процент по кој се засметува обврската за комунална такса , понатаму обврската утврдена согласно Одлуката на Советот на Град Скопје по која треба да се дели дел од добивката од стопанисување со паркингот Клинички центар- Мајка Тереза за Министерство за здравство итн.

Очекуваме дека во соработка со органите на управување, институциите, Градоначалникот како и Советот на Град Скопје ќе се превземат решенија за подобрување на работењето на нашето претпријатието како би можело истото и во иднина да покажува успешни резултати во своето работење . Нивната поддршка е особено значајна во заложбите на претпријатието да ги реализира проектите зацртани во Инвестиционата програма пред се преку понатамошен развој на дејноста паркирање со уредување и отварање на нови паркинг површини , развој на постоечките проекти што се од интерес на граѓаните, континуирана соработка со МВР и комуналните инспектори итн.

ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ
Претседател на Управен Одбор
Марија Георгиевска